## **Континуиран  успех од 100% за Северна Македонија во исполнување на барањата од ЕЕА**

Април 23, 2021




Европската агенција за животна средина – ЕЕА континуирано собира и обработува податоци за состојбата на животната средина во Европа. Една од целите на агенцијата е да се процени исполнителноста на земјите членки и соработнички со ЕЕА во однос на таканеречените Core Data Flows – приоритетен проток на податоци и информации кои се доставуваат до ЕЕА, со цел укажување на состојбата на националните системи за мониторинг и управување со податоците за животна средина, но и за техничката подготвеност за имплементација на електронските известувања со податоци и информации кон ЕЕА, како и за човечките ресурси – експертизата на националната мрежа на експерти – EIONET – чиј составен дел се претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање, но и Институтот за Јавно здравје, Управата за хидрометеоролошки работи и други државни институции кои придонесуваат за ефективно управување со податоците за состојбата на животната средина.

По трет пат, во 2021 година, Северна Македонија нотира успех од 100% при известувањето со податоци и информации во однос на повеќе медиуми од животната средина за претходната 2020 година. Согласно барањата, Македонскиот информативен центар за животна средина (МИЦЖС) како дел од Министерство за животна средина и просторно планирање известува со податоци за квалитетот на воздухот, емисиите во воздухот, биодиверзитетот, ублажувањето на климатските промени (национални инвентари за стакленички гасови) и водите.

Континуитетот на овие највисоки успеси на Македонскиот информативен центар за животна средина и Министерството се од особена важност во однос на одржувањето на техничката подготвеност на Северна Македонија за членство во ЕЕА и усогласување со највисоките стандарди за мониторинг на животната средина во Европа.

И покрај тоа што членувањето на Северна Македонија во ЕЕА е поврзано со членството во ЕУ, континуираниот процес на јакнење на капацитетите на националните експерти и потребите за одржливо планирање и инвестиции за реализација на националните приоритети за зајакнување на системите за мониторинг на животна средина – треба да бидат приоритети на највисоко ниво, поради зголемениот обем на работата во секторот животна средина во Европа, но секако и поради потребите од унапредување состојбата и перспективата на животната средина во Северна Македонија.

https://www.eionet.europa.eu/dataflows/2020/